**Република Македонија**
**Проект за управување со здравствениот сектор**

**Заем на ИБОР # 4733**

# МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ЗА ЛЕКАРИ, СТОМАТОЛОЗИ И ФАРМАЦЕВТИ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРЕТАТА ПОСЕТА 19 – 23 јуни 2006 година**

**Џуди Мекким**

**Јули 2006 година**

Содржина Страна

Признанија……………………………………......………………………… 3

Вовед …………………..……………………...…………….………………. 3

Резиме за посетата и активности ……………………………………….. 3

Евалуација на програмата за ОО ……………………………….. 3

Состанок на РГ 22 јуни 2006 година..……………………………… 4

Активности по состанокот на РГ на 7 јули 2006 година...……… 5

Резултати од деталната евалуација на програмата за ОО..…………… 7

**Анекс**

Анекс 1 Ажуриран работен план и клучни меѓници……………….. 13

# Признанија

Консултантите би сакале да се заблагодарат на Др. Катерина Веновска, Светската Банка, претседателите и другите претставници од лекарската, стоматолошката и фармацевтската комора и на професионалните здруженија; Деканите и другите претставници од медицинскиот, стоматолошкиот и фармацевтскиот факултет; персоналот при Министерството за здравство и ЕКП, сите членови на работните група за Подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирање, на сите учесници во програмата за обука, како и на преведувачите.


# Вовед

Во овој извештај се резимирани исходите од третата мисија во Република Македонија од страна на Џуди Мекким и нејзиниот асистент, Анита Андервуд (консултантите од ОК), од 19 – 23 јуни 2006 година. Оваа посета беше трета од низа на посети планирани да се спроведат за период од 12 месеци од февруари 2006 година до февруари 2007 година.

Целта на оваа посета беше да се работи со Др. Катерина Веновска (ЕКП) и работната група (РГ) во која се застапени трите медицински комори (Лекари, Стоматолози и Фармацевти) со цел да се спроведе Модул 1 од планираната програма за обучување на обучувачите (ОО) за едукатори, испитувачи и ментори. Консултантите исто така одржаа состанок со Работната група на 22 јуни 2006 година за да ги планираат следните чекори во проектот.

# Резиме од посетата и активности

Посетата се фокусираше на спроведување на првиот модул од програмата за обука за ментори, едукатори и испитувачи и собирање на дополнителни информации за потребите за обука за оние кои го поддржуваат стажирањето, испитувањата за лиценцирање, КПР и процесите на акредитација поврзани со лекарите, стоматолозите и фармацевтите во Македонија.

***Евалуација на програмата за ОО***

Програмата за обука имаше добро присуство (ЕКП има листа на учесници) и многу добро евалуирана, видете подолу за резултатите од евалуацијата на секоја од програмите.
Најголем дел од учесниците искажаа дека курсот ги задоволил нивните потреби за учење и дека нивното знаење и доверба во однос на програмата за ОО се зголемиле како резултат на учеството во курсот.

Конкретните аспекти на курсот за кои учесниците се изјаснија дека биле добри се:

- Работа во мали групи
- Организација и управување со времето во рамките на курсот
- Пристапот и методите за учење и настава, употребени од страна на едукаторите во рамките на курсот
- Учење на нови методи на учење и настава
- Давање и добивање на повратни информации преку презентации поврзани со микро - настава
- Интерактивноста и можноста да се разговара и работи со други наставници

Главната област за подобрување, подвлечена од страна на многу учесници, беше дека е потребно повеќе време за програмата за ОО за да се покријат сите идентификувани теми, да се вежбаат новите техники на учење/настава и да подолго да се работи во мали групи.

Беа идентификувани низа теми, од страна на учесниците, за кои има потреба да бидат опфатени во иднина, вклучувајќи комуникациски вештини, вештини за вежбање на настава, примена на теоријата во пракса и нови методи за настава.

***Состанок на работна група 22 јуни 2006 година***
На четвртиот ден од посетата беше одржан состанок со Работната група за Подобрување на квалитетот на здравствените услуги и лиценцирање.
Присутни беа:

| | |
|---|---|
| Др. Климе Кајмакоски | Лекарска комора на Република Македонија |
| Др. Иванка Стефановска | Лекарска комора на Република Македонија и Медицински факултет |
| Спец. Др. Зоран Сојановски | Здравствен дом, Скопје |
| Проф Др. Лидија Този-Петрушевска | Претседател на фармацевтската комора |
| Др. Катерина Веновска | Асистент координатор, Министерство за здравство ЕКП |

Целта на овој состанок беше да се усогласат активностите кои треба да се спроведат во текот на посетата во септември, да се усогласи извештајот од втората посета и да се дискутираат можностите за наредните чекори во проектот.

Работите за кои се дискутираше вклучуваа:

- **Тековни работилници –** имаше неколку кои не присуствуваа, освен оние кои ја информирале ЕКП дека ќе присуствуваат на конференции. ЕКП ги има деталите во однос на присутните и не - присутните. Кај едукаторите беа застапени сите три професии, во групата на испитувачите имаше најмногу лекари и фармацевти, додека имаше многу помалку стоматолози. Не е возможно да се понуди многу повеќе дополнителна обука за стоматолозите испитувачи односно за било кој друг кој не присуствувал овој пат. Битно е да се нагласи дека ова е единствената можност за учество и дека присуството е дел од акредитацијата.
- Обуката во септември ќе вклучи развивање на обука за наредните групи, изготвување на планови за настава итн.
- **Материјалите за обука** ќе бидат изготвени до крајот на јули, и ќе вклучуваат дополнителни информации, работна книга, нови презентации итн., и, поради потреба, ќе опфатат дел од материјалот кој беше првично планиран за јуни.
- **Дополнителната обука во декември –** договорените датуми се недела 3 декември – петок 9 декември. Обуката ќе се изврши во декември или во јануари или февруари 2007 година. Консултантите од ОК ќе извршат проценка на вештините за настава и ќе одржат професионални разговори со учесниците додека се спроведува обуката, ќе ги набљудуваат

учесниците додека трае обуката и ќе биде битно за РГ да се договори како да се оцени рефлективното оценување.

- **Следни чекори – како оваа група ќе ја спроведе обуката, бројки итн.** Работната група ќе достави на Катерина податоци за бројност на едукатори, ментори и испитувачи и ќе ги дискутира прашањата и следните чекори на состанокот на РГ кој треба да се одржи на почетокот на јули. На РГ и требаат податоци од коморите во однос на едукаторите, испитувачите и менторите, а групата ќе одлучи дали ќе понуди можност за обука за сите обучени луѓе да обучуваат мешани тимови на едукатори и ментори како и групи на испитувачи во рамките на една професија, или пак деновите на проектот ќе бидат подобро искористени за обучување на поголем број на луѓе за да се создаде што поголема критична маса во Македонија.
- **Набљудување на стоматолошките и фармацевтските испити –** беше договорено дека консултантите од ОК ќе извршат набљудување на фармацевтските испити во декември а на стоматолошките испити во јануари или февруари 2007 година.
- Беа спомнати условите за ре – валидација од лекарската комора, а консултантите од ОК побараа да добијат примерок од истите на англиски јазик

Беше договорено дека вториот модул во септември 2006 година ќе биде спроведен во Скопје (местото ќе го утврди Катерина Веновска) на следниов начин:

| | |
|---|---|
| [Петок 22 септември | консултантите од ОК ќе допатуваат до Скопје] |
| Сабота 23[rd] септември | информација за оние кои не присуствуваа на Модул 1, времето треба дополнително да се утврди |
| Недела 24 септември | едукатори – модул 2: сесии 1 и 2 |
| Понеделник 25 септември | едукатори модул 2, сесии 2 и 3 и испитувачи, модул 2, сесија 1 |
| Вторник 26 септември | испитувачи, модул 2, сесии 2 и 3 |
| Среда 27 септември | ментори – модул 2: сесии 1 и 2 |
| Четврток 28 септември | ментори, модул 2, сесија 3 |
| [Четврток 28 септември | консултантите од ОК ќе отпатуваат назад во ОК] |

Планиран е состанок на работната група за четврток 28 септември, веднаш по завршувањето на обуката на менторите

Програма за обуката, во која ќе се вклучат дополнителни материјали за обука, ќе биде изготвена од страна на консултантите и ќе биде испратена во ЕКП до 31 јули за копирање и преведување, а потоа ќе биде дистрибуирана до сите учесници. Тука ќе се вклучат ревизиите на предложениот модул 2 поради незавршените активности првично предвидени за модул 1, како и повратните информации од евалуациите на учесниците.

Беше договорено дека ќе биде понудена уште една обука во вид на информација на почетокот на посетата во септември, каде ќе бидат вклучени основни теми од обуката од модул 1 (на пример Принципи на учење и настава и оценка), што ќе им овозможи на учесниците на учествуваат во сесиите од модул 2.

Беше договорено дека консултантите ќе извршат набљудување на фармацевтскиот испит, на петтата посета на почетокот на декември. Набљудувањето на стоматолошкиот испит сеуште не е планирано.

***Активности како резултат на состанокот на РГ од 7 јули 2006 година***
Преку дописи преку електронска пошта, по посетата, помеѓу Катерина Веновска и Џуди Мекким, беа потврдени датумите за обука (види погоре) и дека местото ќе биде во Скопје а не во Охрид.
На состанокот на на РГ од 7 јули беше договорено дека наместо консултантите од ОК да продолжат со обука, оценка и поддршка на првите групи на едукатори, испитувачи и ментори, тие ќе обучат втора група на едукатори, испитувачи и ментори. Најверојатно ќе има дополнителни 80 – 90 учесници (приближно 27 – 30 од секоја професија, како и во првата група) а овие луѓе ќе бидат именувани од страна на Коморите и ќе ја следат истата обука како и првата група. Некои од тренерите од првата група ќе учествуваат во обучувањето на втората група и ќе бидат набљудувани и помагани од страна на консултантите од ОК.

Џуди Мекким, истакна преку електронска пошта дека ова е прифатливо за тренерите од ОК, но дека има неколку прашања што треба да се решат. Постојат доволен број на денови во проектот за ова да се спроведе (предвидени се по 5 денови за секоја од обуките во декември, јануари/февруари, вклучувајќи и денови за патување) но точните времиња за активностите во сесиите за обула во декември, јануари/февруари треба дополнително да се договорат, бидејќи консултантите од ОК треба да извршат и набљудување на фармацевтските и стоматолошките клинички и усмени испитувања. На пример, беше договорено од страна на РГ дека посетата во декември ќе биде о 3 – 8 декември, и дека ќе вклучува набљудување на фармацевтскиот испит, и доколку во исто време се спроведува обука на дополнителни 80 – 90 луѓе, треба да се дискутира како ова најдобро може да се изведе како и времето за последната посета кога е предвидено набљудување на стоматолошкиот испит.

Второто прашање е дека нема да има време да се изврши следење на првата група на обучувачи по септември во смисла на осигурување дека нивното оценување ќе се одржи, особено писмениот рефлективен дел и 'професионалниот разговор'. Џуди Мекким предложи да го вгради ова во обуката во септември и да употреби оценување од страна на колегите како и од страна на туторите.

На крајот, беа посочени одредени материјали за обука, како дополнителни ресурси за учесниците, на интернет страницата на Лондонскиот пост - дипломски деканат http://www.clinicalteaching.nhs.uk/site/HomePage.asp. Беше предложено дека овие ресурси може да се симнат од интернет страницата и да се стават на ЦД како дела од ресурсите за учење доставени до учесниците. Џуди Мекким ја провери страницата и исто така го замоли деканатот, но за жал не е можно да се симнат овие датотеки бидејќи истите не се ПДФ или Ворд документи, а постојат и прашања поврзани со авторски права во однос на преземање на голема количина на материјал и негово растурање.  Дел од материјалите се искористени во работните книги, а дополнителни материјали ќе бидат одбрани и вградени во работната книга од вториот модул.

## Детални резултати од евалуацијата на програмата за ОО

**Број на пополнети образци за евалуација:**

**33 за едукаторите (19 лекари, 4 стоматолози, 5 фармацевти, 6 не одговориле)**
**18 за испитувачите (11 лекари, 1 стоматолог, 6 фармацевти)**
**20 за менторите (6 лекари, 4 стоматолози, 10 фармацевти)**

**Општи информации**
Ние прашавме:

Општо земено, **курсот** беше интересен/корисен во смисла на:

- Содржина
- Организација
- Презентација и достапни информации

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 15 | 18 | | |
| Организација | 16 | 17 | | |
| Презентација/достапност | 20 | 12 | 1 | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 11 | 7 | | |
| Организација | 15 | 5 | | |
| Презентација/достапност | 13 | 5 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Содржина | 8 | 12 | | |
| Организација | 13 | 7 | | |
| Презентација/достапност | 4 | 15 | 1 | |

Ние прашавме:

Општо земено, сесиите за **настава во мали групи** беа:

- Добро организирани
- Корисни
- Со адекватна содржина
- Добро искуство за учење
- Добра можност за разговор со обучувачите

Одговорите се резимирани во подолните табели:

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 26 | 6 | 1 | |
| Корисни | 25 | 8 | | |
| Со адекватна содржина | 22 | 10 | 1 | |
| Добро искуство за учење | 23 | 10 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 20 | 13 | | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 16 | 2 | | |
| Корисни | 13 | 5 | | |
| Со адекватна содржина | 11 | 7 | | |
| Добро искуство за учење | 12 | 6 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 11 | 7 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Добро организирани | 10 | 8 | 2 | |
| Корисни | 14 | 6 | | |
| Со адекватна содржина | 6 | 13 | 1 | |
| Добро искуство за учење | 11 | 9 | | |
| Добра можност за разговор со обучувачите | 8 | 12 | | |

На крајот, прашавме дали материјалите со презентациите за овој курс беа одлични, дали нивото на курсот беше соодветно, и дали, со посета на овој курс, се подигна нивото на доверба во програмата за ОО.

**Едукатори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 20 | 13 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 21 | 12 | | |

**Испитувачи:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 14 | 4 | | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 11 | 7 | | |

**Ментори:**

| | Силно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Силно не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Материјалите за курсот беа одлични | 9 | 11 | | |
| Моето знаење и доверба за програмата за ОО се зголеми како резултат на посета на овој курс | 9 | 11 | | |

**Прашавме: Дали се чувствувате дека овој курс ги задоволи вашите потреби за учење?**
**Едукатори**: Да (25), Не (1), Делумно (4), Не пополнето (3)
**Испитувачи:** Да (17), Не (0), Не пополнето (1)
**Ментори:** Да (19), Не (0), Делумно (1)

**Прашавме: Кои ТРИ аспекти на овој курс беа особено добри?**
**Едукатори:**

- Работа во мали групи (17)
- Методи за учење/настава и нови техники (12)
- Давање и добивање на повратни информации, повратни информации од колегите (9)
- Интерактивност (8)
- Тркалезни маси, ротирачка бура на идеи, светско кафе (7)
- Индивидуални презентации/микро учење со колегите (4)
- Филозофија на учење и настава, стимулирачка средина за учење, динамичка работа и генерирање на идеи (3)
- евалуација (4)
- Прецизно управување со времето (4)
- Добро организиран курс (3)
- Идентификација на потребите/целите за учење (3)
- Примена на теоријата во пракса (3)
- оценување (3)
- целата содржина (2)

- вежби  (2)
- кршачи на мраз (2)
- дискусија во поголеми групи, размена на мислења, изнаоѓање на заеднички гледишта со други професионалци (2)
- комуникациските вештини на едукаторите со слушателите (2)
- едукаторите беа многу добри (2)
- не – наметлив стил на учење
- доверба на туторите/едукаторите
- практично искуство
- исходи од учење
- материјали
- ручек
- запознавање на нови луѓе
- комуникациски вештини

**Испитувачи**:

- особено добро организирано, добро управување со времето (9)
- работа во мали групи, интерактивност (7)
- презентација на информации (5)
- комуникациски вештини (5)
- материјали за оценување, на пример: квиз (4)
- содржина (3)
- добро искуство за учење (2)
- контакт со други наставници (2)
- практично искуство (2)
- материјали
- теорија на учење
- идентификување на потребите за учење
- опуштеност во текот на процесот на едукација
- објаснувања по вежбите

**Ментори:**

- можност за дискусија/интерактивност; слушање на размислувањето и искуството на други учесници; добра соработка (11)
- работење во мали групи (7)
- теории за учење и методи на учење (7)
- објаснување и презентација на прашања од страна на едукаторите како пример (5)
- различни методи за учење (3)
- комуникациски вештини и консултација (3)
- активности околу улогата на менторот (3)
- работа на студии на случај (2)
- улога на педагошките вештини (2)
- ние ги одредивме потребите/целите за учење (2)
- практични искуства и тематски задачи (2)
- материјали (2)
- добро организирано (2)
- комуникација со наставниците и взаемна соработка
- предавањата
- настава во големи групи
- едукација
- светско кафе
- надградба на старите знаења

**Прашавме: Што, ако има, треба најмногу да се подобри во однос на овој курс?**
**Едукатори:**

- управување со времето во програмата – повеќе време за вежбање на новите техники и добивање на повратни информации, активностите да се распределат на подолг временски период (можеби 2 до 3 дена) повеќе континуална настава (7)
- повеќе време за програмата (6)
- повеќе работа во мали групи (4)
- повеќе интерактивност, помалку теорија (2)
- повеќе вежбање во реални средини (2)
- помала група
- да има повеќе конкретни работи за време на предавањата
- објаснувањата на вежбите беа малку абстрактни, би можеле да бидат поконкретни
- конкретни работни материјали
- евалуацијата и оценета која треба да биде опфатена со малите групи, да биде по компетентна

**Испитувачи:**

- целна публика
- обука за ставовите на персоналот (бидејќи треба да обучуваме други испитувачи!)
- повеќе практични работи при оценувањето (како се прави и правење) (3)
- испраќање на материјалите порано за да се подготвиме подобро
- дизајнирање на стандардизирани методи на оценување
- интерактивност

**Ментори:**

- повеќе практични вежби со конкретни примери за менторство (2)
- споредба на резултатите од групите
- ништо
- примена
- работата е подобра со колеги од професијата
- едукацијата е повеќе од посветеност на менторот

**Ние прашавме, дали имате други општи коментари?**
**Едукатори:**

- добро направено
- ви благодариме на посветеноста на нашето образование
- се чувствувам добро и со нетрпение очекувам повеќе едукација!
- одлично!
- овој курс би можел да биде сложен и збунувачки за слушатели без претходно искуство
- огромна количина на факти, скоро невозможно да биде опфатено во 2 дена, особено без претходно искуство
- користењето на повеќе методи, особено кршачите на мраз беше многу интересно за мене

**Испитувачи:**

- курс за поздравување (3)
- се е ОК (2)
- не – хомогеноста на групата со размена на искуства од наставата, беше добро
- критериуми и норми за оценување на стажанти
- продолжете со вакви курсеви и примена во пракса

**Ментори:**

- се се одвива успешно

- имаше одлична комуникација помеѓу учесниците и едукаторите и посветеност од страна на едукаторите
- многу позитивно искуство
- супер – опуштено, интересно и корисно
- многу задоволен
- многу добар курс
- одлично
- едукацијата беше професионална и исполнувача

**Прашавме, дали има некои теми кои би сакале да ги опфатиме во иднина?**
**Едукатори:**

- комуникациски вештини (3)
- повратни информации (2)
- консултативни анализи
- клинички вештини, настава на клиника, фармација
- управување со конфликти, справување со тешки учесници
- настава во големи групи
- повеќе практични искуства
- конкретни теми за презентација
- вежби со аквариум
- нови методи за учење
- ревизија

**Испитувачи:**

- креирање на курсеви
- симулирање на испитување на напредокот на курсот
- едукативни наставни проекти
- запознавање со програмата
- дополнително објаснување на техниките на оценување
- користење на теоријата во образованието
- само оценување и ревизија

**Ментори:**

- конкретни вештини а не теорија; примена на теоријата во пракса (2)
- критериуми за проценка
- општествена улога на лекари и медицински персонал
- консултативни анализи со играње улоги
- развој на програми
- работа во големи групи

## Ажуриран работен план и клучни меѓници

| Датуми 2006 | Клучни активности | Резултати |
|---|---|---|
| Март 26 – 31<br>(7 дена) | Почетна посета | Воведен извештај<br>Работен план<br>Рамка за програмите за обука |
| Мај 14 – 19<br>(6 дена) | Консултации со здруженијата, коморите и избраните координатори<br>Пон 15 ⁻ состанок на работна група 1400<br>Вто 16 - претпладне, работилница, време ДСП<br>Сре 17 – информативни состаноци со сите групи на едукатори, испитувачи и ментори<br>Набљудување на испитот за лиценцирање (Лекари) | Извештај од посетата<br>Финализирани програми за обука<br>Детални материјали за обука: работни книги и презентации |
| Јуни 19 – 23<br>(5 дена) | Циклус 1 – Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Преглед на обуката и финализирање на вториот циклус во смисла на содржина и материјали | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на првата програма за обучување<br>Ревидирани материјали за обука |
| Септември 22 – 28<br>(7 дена) | Циклус 2 - Обука на испитувачи, едукатори и ментори<br>Набљудување на оценувањето за лиценцирање<br>Состанок со дел од едукаторите и менторите за да се оцени напредокот и потребите за развој | Извештај од посетата<br>Прва група на обучени едукатори, ментори и испитувачи |
| Декември<br>(5 дена, 3 декември, точните датуми ДСП) | Преглед на програмите за стажирање<br>Набљудување на оценувањето за лиценцирање од страна на фармацевтската комора<br>Циклус 3 – Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 80 – 90 учесници) | Извештај од посетата<br>Едукаторите, испитувачите и менторите присуствуваа на втората програма за обучување |
| Крај на јануари/почеток на | Последна посета<br>Набљудување на | Конечен извештај<br>Вклучува преглед на процесот и |

| | | |
|---|---|---|
| февруари (5 дена точните датуми ДСП) | стоматолошкиот испит за лиценцирање (ДСП)<br>Циклус 4 - Обука на втора група на испитувачи, едукатори и ментори (околу 80 – 90 учесници) | препораки за подобрување и тековни активности<br>Втора група на обучени едукатори, ментори и испитувачи |